**ПОВИК БР. 004/2023 – АНГАЖИРАЊЕ НА СУБЈЕКТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНКЕТА**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот “Corruption Free Universities in Albania, North Macedonia and Serbia” (Универзитети без корупција во Албанија, Северна Македонија и Србија) кој се спроведува во рамките на Програмата SMART BALKANS CIVIL SOCIETY FOR SHARED SOCIETY IN THE WESTERN BALKANS, финансирана од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка објавува **ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА СУБЈЕКТ** за спроведување на анкета на национално ниво за перцепција на корупцијата помеѓу студентите на јавните универзитети во Северна Македонија.

Општа цел на проектот е да се промовира владеењето на правото, да се обезбеди ефективно спроведување на правдата и да се спречи корупцијата меѓу студентите и вработените во високото образование во Албанија, Северна Македонија и Србија.

Специфична цел(и) (исходи) на проектот:

(1) да се подигне свеста на сите чинители во системот за високо образование за ефективно спроведување на механизмите за спречување на корупцијата;

(2) да се зајакнат капацитетите на универзитетската администрација и органите на универзитетите, како и капацитетите на студентите, студентските тела и организации за спроведување на постојното законодавство за спречување на корупцијата и за развој на нови инструменти за справување со новите предизвици и

(3) да се промовира на механизмите кои овозможуваат пријавување на корупција преку подобро информирани засегнати страни и пошироката јавност .

**Обем на задачи и активности:**

- Спроведување на анкета со 300 испитаници.
- Рок за спроведување на анкетата е 25 дена од склучувањето на договор со избраниот субјект.
- Структура на испитаници за анкетата: 300 студенти на додипломски студии на јавните универзитети во Македонија. Од нив 150 студенти кои студираат на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” Скопје и 150 студенти од универзитети со седиште во други градови тоа: 50 студенти на Универзитетот „Гоце Делчев” од Штип, 50 студенти на Универзитетот во Тетово и 50 студенти на Универзитетот „Свети Климент Охридски” од Битола. Во наведените бројки може да бидат опфатени и студенти кои студираат на одделниот универзитет, а седиштето на

факултетот е во град различен од седиштето на универзитетот. Од вкупниот број на студенти 20% треба да бидат студенти од научно подрачје природно математички науки, 20% од научно подрачје техничко технолошки науки, 20% од научно подрачје медицински науки и здравство, 10% од научно подрачје биотехнички науки и 30% од општествени науки и хуманистички науки според Фраскатиева класификација.

- Анкетата треба да се спроведе со примена на КАПИ (CAPI technique (Computer Assisted Personal Interviewing)) техника. Очекувано време по испитаник е 15 минути.
- Анкетата ќе се изврши според прашалник и примерок (sampling methodology) подготвени од нарачателот.
- Прашалникот содржи 45 (четириесет и пет) прашања.
- Нарачателот (или неговите партнери во проектот или лице определено од нарачателот) ќе организира средба за запознавање со методологијата на теренските анкетари на избраниот понудувачи, како и евентуално објаснување на прашањата на прашалникот
- Нарачателот (или неговите партнери во проектот или лице определено од нарачателот) ќе спроведат контрола на квалитет на првите неколку интервјуа (анкети) како и на 10% од интервјуата (анкетите) по случаен избор.
- Обработката на податоците, избраниот понудувач треба да ја направи во SPSS софтвер.

**Цена и начин на плаќање**

- Единствен критериум за избор на најдобра понуда е цена (100 поени).
- Износот да биде прикажан како вкупен износ за спроведување на анкетата во денари.
- Износот да биде прикажан без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ.
- Начин на плаќање: во рок од 15 дена од завршување на анкетата и предавање на резултатите од анкетата на нарачателот.

**Критериуми за селекција:**

- Повикот е отворен за правни лица со регистрирана дејност, кои:
    1. Се регистрирани најмалку три години пред денот на објавување на овој повик;
    2. Имаат спроведено најмалку три анкети на национално ниво од кои најмалку една анкета се однесува на општествени / образовни прашања;
    3. Имаат анкетирано најмалку 600 лица на анкетите кои ги спровеле;

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

Потребни документи:

- Тековна состојба од ЦРМ не постара од шест месеци;
- Листа со референци од кои се утврдува исполнетост на критериум за селекција под точка 2 и 3 и
- Финансиска понуда за спроведување на анкетата изразен во денари.

Начин на аплицирање:

**Понудата се доставува на електронската адреса isie@mail.org најдоцна до 27 март 2023 г.**

ИСИЕ го задржува правото да обезбеди информации од претходни работодавачи на понудувачот.

По завршување на процесот на селекција сите понудувачи ќе бидат известени за исходот.

Скопје, 17.3.2023 година